ERASMUS+
Joint Mentorship

*Better Cooperation for Better VET*

# МОДУЛ 3: ПЕДАГОШКО-МЕНТОРСКА РАБОТА НА УЧЕНИЦИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ – ИНКЛУЗИЈА НА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Лекции:

1. Инклузија  и инклузивна култура кај работодавач
2. Работа со ученици со попреченост



Co-funded by the European Union

**МОДУЛ 3: Педагошко-менторска работа на ученици со попреченост – Инклузија на ученици со посебни образовни потреби**

**Автор:**
Ардијана Исахи Палоши (Центар за стручно образование и обука, Скопје)
Азра Тутиќ (Центар за стручно образование и обука, Скопје)

**Уредник:**
Занаетчиска комора Скопје

**Графички дизајн и дигитална обработка:**
Мартина Холенко Длаб (Универзитет во Риека, Факултет за информатика и дигитални технологии)

**Место и година на издавање:**
Скопје, 2024.

**Контакт:**
info@zkomora.com.mk

**Лиценца:**
Овој документ е објавен под следнава лиценца:
Creative Commons Attribution-NonCommercial-ShareAlike 4.0 International (CC BY-NC-SA 4.0)

Именувањето треба да се изврши на следниов начоин: Joint Mentorship Project: Better cooperation for Better VET, https://erasmus-plus.ec.europa.eu/projects/search/details/2022-1-HR01-KA220-VET-000086943

**Изјава за откажување од одговорност:**
Оваа публикација ги одразува исклучиво ставовите на авторот, како таква не ги одразува ставовите на Европската унија.

# Содржина и резултати од учење од модулот

„Системот на образование не е право само за ОДРЕДЕНИ деца. Системот на образование е тој кој треба да го прилагодиме за да ги задоволи потребите на СИТЕ деца.“

(Linquist, UNESCO, 1994.)



Работата со ученици со попреченост бара соодветни знаења, вештини и способности. Стекнувањето на компетенции за работа со ученици со попречност е долг процес кој постојано се подобрува по континуирана практика. За да може да менторирате ученици со попреченост, потребно е да ги знаете основите за работа со ученици со попреченост. Ќе бидете успешни во ова, доколку активно ги реализирате активностите и прашањата за самоевалуација дадени за секоја лекција посебно.

Модулот се реализира преку следнива две лекции:

1. Инклузија и инклузивна култура кај работодавач
2. Работа со ученици со попреченост

На почетокот на секоја лекција дадена е кратка содржина, клучните поими кои ќе се обработуваат во рамките на лекцијата и резултатите од учењето кои се очекува дек ќе ги постигнете. Успешноста за совладување на овој модул, зависи од начинот на кој им пристапувате на предложените лекции, затоа, препорачуваме да одвоите време за целосно следење на сите предложени чекори, започнувајќи од формуларот за самоевалуација, следење на лекциите и реализација на активностите, при тоа отстранете ги сите нешта кои би можеле да ви го одземат вниманието.

По успешнато следење на овој модул (двете лекции) ќе бидете способни да:

- Разликувате интеграција од инклузија
- Ги идентификувате видовите на бариери кои претставуваат најголема пречка и како да се уреди просторот за да биде достапен за лицата со попреченост
- Ги идентификувате видовите на попреченост и најзначајните карактеристики за препознавање на секој вид на попреченост.
- Комуницирате соодветно со лица со попреченост
- Ги селектирате резултатите од наставните програми кои може да се реализираат кај работодавач за ученик со одредена попреченост
- Изработувате индивидуален предлог-план за постигнување на целите/резултатите за ученик со одредена попреченост

# ЛЕКЦИЈА 3.1. Инклузија и инклузивна култура кај работодавач

**Резиме:** Инклузијата подразбира вклучување на сите единки во општественото живеење и уживање на сите човекови права.

Право на образование имаат сите деца и млади. Оттука произлегува и потребата за градење на инклузивно образование кое подразбира менување на системот за да може да одговара на сите и да овозможи образование за сите. Од друга страна се напушта интегрираниот пристап на образование, каде системот останува ист додека ученикот мора да се адаптира или да се откаже.

Практичната обука во стручното образование е задолжителна за сите ученици. Затоа и работодавачите потребно е да ги разберат принципите на инклузивното образвание, видовите на попреченост, како да градат инклузивна култура во организацијата познавајќи ги видовите на попреченост и видовите бариери за нивно вклучување.

**Клучни зборови:** Инклузија, инклузивна култура, интеграција, инклузивна култура кај работодавач.

**Очекуван резултат од учење:** По совладување на оваа лекција се очекува де ќе бидете способни да разликувате интеграција од инклузија, ги идентификувате видовите на бариери кои претставуваат најголема пречка и како да се уреди просторот за да биде достапен за лицата со попреченост, ги идентификувате видовите на попреченост и најзначајните карактеристики за препознавање на секој вид на попреченост и да комуницирате соодветно со лица со попреченост.

# Инклузија

**Инклузија е процес на идентификување, разбирање и рушење на бариерите за партиципација и припаѓање.**

**Инклузијата подразбира вклучување на сите единки во општественото живеење и уживање на сите човекови права.**

Според УНЕСКО: Инклузивното образование е „процес на третирање и одговарање на разновидноста на потребите на сите ученици преку зголемување на учеството во учењето, културата и заедницата, како и преку намалување на исклученоста во и од образованието. Вклучува промени и модификации на содржината, приодот, структурите и стратегиите, со заедничка визија која ги опфаќа сите деца од соодветната возраст и убедувањето дека државата има обврска да обезбеди образование за сите деца.“

Една од главните цели на инклузивното образование е создавање култура и систем на вредности во училиштата според кои се вреднуваат сите ученици без оглед на различноста на нивните потреби.

**Инклузијата** во образованието се однесува на: присуството/пристапот, партиципацијата/учеството и постигнувањата на сите ученици

*Присуството односно пристапот* се однесува на влезните фактори поврзани со училиштето кои го олеснуваат или попречуваат пристапот на ранливите деца и влијаат дали детето е присутно во училницата или не.

Ова го вклучува и пристапот до неопходните системи за поддршка и до генералната наставна програма. *Ова подразбира - право на образование*.

*Партиципацијата односно учеството* се однесува на процесните фактори поврзани со училиштето кои го олеснуваат или попречуваат чувството на припадност, чувство на способност и чувство на автономија кај детето.

Учеството треба да е споделено со врсниците од истата старосна група и да е ориентирано кон целите кои се битни за животно функционирање на детето. Ова подразбира право за образование.

*Постигнувањето* се однесува на училишните влијанија врз учениците:

- Што има постигнато ученикот како резултат на учеството во образованието?
- Што понесува со себе по присуството во училиште?

*Ова подразбира права преку образованието*.

Клучни одлики и принципи на инклузивното образование:

- Инклузивното образование е втемелено во човековите права.
- Инклузивното образование е континуиран динамичен процес кој постојано се развива во согласност со локалната култура и контекстот.
- Инклузивното образование го следи социјалниот модел на попреченост, значи менување на системот за да му одговара на ученикот, а не менување на ученикот за да се вклопи во системот, бидејќи „проблемот“ на исклученост е цврсто вкоренет во системот, а не во лицето или неговите карактеристики,
- Инклузивното образование ги прифаќа и почитува сите разлики според возраст, род, етничка припадност, јазик, здравствена состојба, статус, религија, попреченост, начин на живот.
- Инклузивното образование е дел од пошироката стратегија за промовирање на сеопфатен развој, со цел создавање општество каде има мир, толеранција, одржливо користење на ресурси и социјална правда.
- Инклузивното образование е образование за цел живот. Образува сега имајќи ја на ум иднината. Моменталното учество е силен показател за идното учество.

**Интегрирано** образование наспроти инклузивно образование

- **Интегрирано** образование се подразбира како обид да се променат децата за да припаѓаат на „нормалниот“ систем. Системот останува ист. Ученикот мора да се адаптира или да се откаже.





- **Инклузивно образование** се подразбира како обид да се прифати дека сите ученици се различни и сите можат да учат – ние го менуваме системот за да може да одговара на сите и да овозможи образование за сите.

Инклузијата во образованието вклучува:

- Прифаќање на разликите меѓу учениците како можност за поддршка во учењето, наместо проблем.
- Подобрување на училиштата како за вработените, така и за учениците и семејствата.
- Потенцирање на улогата на училиштата во градењето на заедницата и развивањето на вредности, како и за подобрување на успехот.
- Поттикнување на взаемна комуникација помеѓу училиштата и пошироката заедница за одржливост.
- Препознавање дека инклузијата во образованието е еден аспект на инклузија во општеството.

Училиштата се обидуваат да градат **инклузивна култура**. Учениците при реализација на практична обука потребно е да бидат прифатени подеднакво без разлика на нивните разлики. Компаниите/организациите каде учениците реализираат практична обука потребно е да бидат отворени за сите ученици без разлика на нивните различности. Реализацијата на практичната обука е задолжителна за сите ученици, вклучувајќи ги и учениците со попрелченоси.

Во процесот на креирање на инклузивна социјална средина, покрај наставниците и учениците, треба да учествуваат и менторите од работодавачите кај кои се реализира практичната обука.

# Инклузивна култура кај работодавач

**Како се гради инклузивна култура кај работодавач?**

Инклузивна организација/компанија е таа организација/компанија каде секој учесник (вработен, ментор, менториран/ученик) е добредојден. Организацијата за да биде инклузивна потребно е да:

- Создаде инклузивна средина.
- Го прилагодува процесот на поучување.
- Се труди да ги развие компетенциите на секој ученик преку дава поддршка на индивидуалните потреби.

За да може еден работодавач да гради инклузивна култура во своите редови, потребно е да работи на рушење на бариерите кои може да постојат во редовите на компанијата/организацијата. Постојат неколку видови бариери кои се поврзани со пристапноста до компанијата/организацијата.

*Табела 3.1.1 Видови бариери и примери за полесно идентификување*

| **Видови на бариери** | **Примери** |
|---|---|
| Бариерите кои потекнуваат од **ставовите** се оние кои ги дискриминираат лицата со попреченост. | Мислењето дека лицата со попреченост се инфериорни.<br>Претпоставката дека едно лице кое има потешкотии во говорот неможе да не разбере. |
| **Комуникациски бариери** настануваат кога лицето не може со леснотија да разбере информација | Мали букви во печатени материјали<br>Веб страни до кои не можат да пристапат лица кои не користат глувче<br>Знаци кои не се јасни и разбирливи. |
| **Технолошките бариери** се јавуваат кога технологијата не може да се модифицира за да поддржи различни асистивни уреди. | Веб страните не поддржуваат употреба на читач на екран |
| **Организациските бариери/бариери кои произлегуваат од регулативата** се однесуваат на политиките, практиките или процедурите кои ги дискриминираат лицата со попреченост. | Не постои законска регулатива со која компаниите се обврзани да вработуваат лица со попреченост.<br>Компаниите немаат креирано процедури и политики за вработување на лица со попреченост |
| **Архитектонските и физичките бариери се** однесуваат на оние карактеристики на објектите или просторот кои предизвикуваат потешкотии во движењето и секојдневното функционирање на лицата со попреченост. | Ходниците и вратите во објектот се тесни за лица кои користат количка или одалка;<br>Шалтери кои се многу високи за лица со низок раст;<br>Лошо осветлување за лица со оштетен вид;<br>Кваки кои се тешки за отварање за лица со артритис (воспаление на зглобовите);<br>Паркинг места кои се тесни за лица кои користат инвалидска количка<br>Телефони кои не се опремени со телекомуникациски уреди за лица кои имаат оштетување на слухот. |

За да може да се обезбеди пристап до компанијата/организацијата потребно е да се уреди просторот по однос на типот на попреченост, за што е потребо да се препознаат карактеристиките за секоја попреченост.

*Табела 3.1.2 Видови на попреченост и нивни карактеристики*

| **Вид на попреченост** | **Карактеристики за препознавање** |
|---|---|
| Лица со интелектуална попреченост | - Краткотрајно внимание и слаба концентрација<br>- Селективно помнење<br>- Конкретно и површно мислење |
| Слепи и слабовиди лица | - Специфично доживување на светлосни дразби<br>- Несигурно движење и адаптација во простор |
| Глуви и наглуви лица | - Потешкотии во перцепција на говор<br>- Тивок и специфичен говор<br>- Користат алтернативни форми на комуникација (гест, мимика, говор на тело) |
| Лица со телесна инвалидност | - Потешкотии во движење<br>- Потешкотии во користење на рацете<br>- Потешкотии во одржување на рамнотежа |
| Лица со потешкотии во учењето | - Дислексија (отежнато читање)<br>- Дискалкулија (потешкотии со математика)<br>- Дисграфија (потешкотии во пишување)<br>- Уредни интелектуални способности |
| Лица со аутизам | - Отежнато социјално функционирање<br>- Отежната комуникација<br>- Ригидна животна рутина |

За некои видови попреченост не е потребно уредување на просторот туку некој друг вид на интервенција за што ќе стане збор на следната лекција.

*Табела 3.1.2  Уредување на просторот според попреченоста*

| | |
|---|---|
| Телесна попреченост | влезна пристапна рампа, одржуван лифт во зависност од објектот, доволно широки ходници, прилагодена маса за работа, пристапен тоалет со држачи... |
| Интелектуална попреченост | јасно дефинирање на работното место, именување на просториите (тоалет, кујна, работна соба, работилница за ...., место за одмор и слично) дополнително може да се стават и илустрации/фотографии на вратите. |
| Оштетување на видот | подот да биде направен од материјал кој не е лизгав и во ходниците да има држачи за рака за да се овозможи самостојно движење.. Пишаните материјали, обележувањата во средината и информациите за лицата треба да бидат обезбедени во пристапен фонд/форма. (Браева азбука) |
| Оштетување на слухот | потребно е да се обезбеди просторија за работа која не е бучна, доколку имаме лице кое е наглуво, или пак да се обезбеди светлосна сигнализација за лица со целосно оштетување на слухот. За да се олесни движењето низ просториите потребни се патокази |

## *Активности:*

Откако го проучи материјалот изложен во оваа лекција, обиди се дадеш одговор на следниве прашања:

1. На примерите покажани на сликите подолу, кој/што треба да се менува за да се овозможи успешна инклузија?




2. Како ќе го уредите просторот во вашата компанија за да може да вклучите лице со одредена попреченост (што постои и што треба да се доработи)?

   i. За лица со телесна попреченост
   ii. За лица со интелектуална попреченост
   ii. За лица со оштетување на видот
   iii. За лица со оштетување на слухот.

**ПРИМЕР ОД ПРАКСА**

Размислете и направета анализа на организацијата/компанијата во која Вие работите, одговарајќи на прашањата!

- Дали во вашата компанија/организацијата постои некоја од горенаведените бариери?
- Согласно бариерите, за кој вид на попреченост не е спремна компанијата да прифати ученици?
- Што треба да превземе компанијата за да може да биде инклузива?

# ЛЕКЦИЈА 3.2. Работа со ученици со попреченост

**Резиме:** Улогата на менторот е давање планирање, програмирање, поддршка, совети, воведување, водење сметка за безбедноста, обука, доделување задачи, следење, вреднување и на ученикот со попреченост при негова реализација на практичната обука. За да обезбеди добра соработка со ученикот со попреченост, потребно е да практикува соодветна комуникација со него. Тој е потребо за ги превзема сите подготвителни активности, активности во текот на реализацијата и активности по реализација на практичната обука.

За да се постигнат добри резултати од реализацијата на практичната обука, менторот е дел од инклузивниот тин за ученикот во рамкит на кој има улога заедно со наставниците, родителот, педагошката служба учествува во изработка на Индивидуалниот образовен план за ученикот (ИОП) кој претставува  пишан документ на која ги дефинира и ги содржи сите компоненти кои се потребни за квалитетно образование на конкретен ученик со посебни образовни потреби каде се планира и реализацијата на практичната обука кај работодавач.

**Клучни зборови:** Ученици со попреченост, индивидуален образовен план.

**Очекуван резултат од учење:** По совладување на оваа лекција се очекува де ќе бидете способни да селектирате резултати од наставните програми кои може да се реализираат кај работодавач за ученик со одредена попреченост и да изработувате индивидуален предлог-план за постигнување на  целите/резултатите за ученик со одредена попреченост.

# Ученици со попреченост

Кога зборуваме за **ученици со попреченост** мислиме на:

- ученици со оштетувања од медицинска гледна точка, како органски нарушувања.
- оштетувања на сензорните функции: оштетувања на видот и слухот, сензорни нарушувања и др.
- нарушувања на когнитивните, интелектуалните, перцептивните и функциите на вниманието: ментален дефицит, нарушувања во вниманието (од органска природа), говорни дисфункции перцептивни нарушувања и др.
- нарушувања на контролата на мускулите што ја попречува интеракцијата со средината: церебрална парализа, ортопедски нарушувања и оштетувања, нарушувања во говорната артикулација, др.
- оштетувања на физичкото здравје кои го попречуваат метаболизмот и физичкото здравје, поради што попречена е нормалната функционалност и интеракција со средината.

Поаѓајќи од фактот дека клучот за обезбедување квалитетна практична обука е и односот помеѓу менторот и ученикот кој е поврзан со социјалните вештини на менторот, потребно е менторот да има комуникациски вештини како една од социјалните вештини, за да може успешно да комуницира со ученик со попреченост.

**Постојат општи препораки за комуникација со сите лица со попреченост, тие се:**

- разговарајте на ист начин и со нормален тон на глас како и со сите други
- разговарајте директно со нив, не со придружната личност
- прашајте го лицето со попреченост ако е потребна помош; не претпоставувајте
- користете прифатена терминологија: се однесува на "лице со попреченост", наместо "инвалидно лице"
- да се седне, или да се стои на ниво на окото на ученикот, со што се обезбедува соодветен контакт со очите
- не го фаќајте за рака лицето со попреченост за да обезбедите помош, без претходно да прашате дали е потребна помош.

<u>За проширување на знаењата во однос на темата комуникација и комуникација со лица со попреченост се споделува дополнителен материјал во рамките на обуката со физичко присуство.</u>

# Улога на менторот

Менторот со своето менторирање може да придонесе, ученикот со попреченост да се најде во иднина на различни работни места, како на сликата 3.2.1, а), б) и в).



а)



б)



в)

Слика 3.2.1: Лица со пореченост на работни места

Вклучувањето на учениците со попреченост има за цел да:

- ја подобри  самостојноста на ученикот
- ја зголеми можноста за вклучување во заедницата
- го подготвува ученикот за идната работа
- даде помош на транзиција за живот како возрасен

Поддршката на менторот се состои од неколку активности кои ги делиме на подготвителни активности, активности во текот на реализација и активности по реализација на практичната обука.

Подготвителни активности на менторот:

- Практичната обука во која учествува ученик/учесник со попреченост треба да се одвива во точно одреден временски распоред, кој однапред е договорен со ученикот/учесникот, родителот/старателот и наставникот за практична обука.
- Лицата со телесна попреченост и со оштетување на видот најчесто зависат од превоз кој однапред треба да се закаже.
- Пред почетокот на практичната обука, менторот ги запознава останатите вработени во компанијата со состојбата на лицето со попреченост и во соработка со наставникот ги подготвува како да го прифатат и како да се однесуваат со него за време на практичната обука.

- Пред да биде вклучено лицето со попреченост во практична обука, менторот се осигурува дека се обезбедени потребните мерки за безбедност за да се избегне несакана повреда или опасност.

Активности  на менторот во текот на реализација:

- За време на практичната обука, менторот треба да ги охрабрува учесниците со попреченост да поставуваат прашања и активно да учат во текот на практичната обука.
- Менторот би требало да биде подготвен да помине повеќе време во објаснување на секоја работна задача, да му покаже на ученикот како истата се извршува и да му дозволи да ја изврши задачата под негов надзор.
- Доколку на практична обука е вклучено лице со оштетување на слухот, менторот треба да се погрижи лицето да работи во просторија во која нема многу луѓе, особено доколку станува збор за лице со делумно оштетен слух.
- За лицата со оштетен вид менторот, доколку дозволуваат активностите, треба да овозможи подетално, поконкретно објаснување на активностите без примена на двосмислени, сложени реченици кои би го отежнале процесот на комуникација и учење. За овие лица се препорачува и тактилно перцепирање на дел од инвентарот во просторијата за практична обука. Конкретното, јасно објаснување се однесува и за лицата со интелектуална попреченост.
- При практична обука на учесници со телесна попреченост, менторот треба да внимава на организацијата на самиот простор за практична обука. Просторијата треба да биде доволно голема за учесникот да може самостојно да се движи и да има пристап до активностите кои се спроведуваат.

Активности на менторот по реализација на практичната обука:

- давање повратана информација на ученикот;
- вреднување на работата на учесникот од страна на менторот во компанијата;
- учествување во формулирање на оценката за учење преку работа/практична настава за ученикот.

Со лицата со попреченост се работи на начин кој е поврзан со различните способности на учениците, нивните емоционални доживувања, различната мотивација и заинтересираност, како и од специфичните услови и начинот на живот. Со цел почитување на овие разлики, неопходно е учењето и подучувањето **да се прилагоди на индивидуалните карактеристики, потребите, како и заинтересираноста на ученикот**.

Основен документ на кој се базира реализацијата на воспитно-образовниот процес по еден наставен предмет е наставната програма. За да се овозможи секој ученик да постигне одредени цели од наставната програма, потребно е да се прилагодат обемноста на содржините, методите и формите на настава според можностите, потребите и заинтересираноста на ученикот. Сето ова ја подразбира подготвеноста и способноста на наставникот и менторот да го прилагодува

учењето и начинот на кој го прави подучувањето, преку осмислување различни ситуации за учење, различна интеракција, планирање активности според способностите и можностите на ученикот. Прилагодувањето на наставната програма за учениците со посебни образовни потреби, според специфичноста, може да се реализира преку:

- индивидуален пристап, без посебно прилагодување;
- прилагодување на содржините;
- прилагодување на содржините преку користење посебни дидактички средства, помагала со помош на стручен соработник;
- прилагодување на содржината преку користење специфични методски пристап, користејќи електронска опрема со поддршка на дефектолог;
- работа со ученикот на програма за рехабилитација и програми за дополнителна настава/помош преку која се поттикнува развојот на способностите.

Почитувајќи ги принципите на индивидуализација на наставниот процес, активнстите може: да се прошират, продлабочат, модифицираат, минимизираат, да се прилагодуваат на предзнаењата и можностите на конкретниот ученик, како основа за изработка на **индивидуалниот образовен план**.

## Индивидуален образовен план (ИОП)

Во секое училиште освен Училишниот инклузивен тим постои и Инклузивен тим за ученикот. Составот на инклузивниот тим за ученикот е: наставниците на ученикот,

родителот/старателот, педагогот, односно психологот, односно социјалниот работник во училиштето, специјалниот едукатор и рехабилитатор, по потреба и други лица кои му даваат поддршка на ученикот (лекар, друг вид стручен соработник или рехабилитатор со кој ученикот работи надвор од училиштето, образовен или личен асистент, **ментор од компанија**).

Задачите на инклузивниот тим на ученикот се: изготвува Инклузивен образовен план (ИОП) за ученик со попреченост, се грижи за реализирање на ИОП-от, врши евалуација на постигнувањата и следење на напредокот на ученикот, презема активности за дополнителна поддршка на ученикот и прилагодување на материјалите за работа и активностите.

*Индивидуален образовен план (ИОП)* е основен инструмент и документ со кој се регулира и се обезбедува прилагодена настава на учениците кои не можат да се вклопат во постоечкиот образовен процес од кои било причини. Во потесна смисла, ИОП претставува пишан документ на установата која ги дефинира и ги содржи сите компоненти кои се потребни за квалитетно образование на конкретен ученик со посебни образовни потреби. Индивидуалниот образовен план овозможува ученикот да напредува до нивото кое соодветствува на неговата способност, вклучува соработка на сите партнери, ги фокусира образовните стратегии и обезбедува евидентирање на податоците. Користење на ИОП од страна на еден ученик, не значи дека ученикот е етикетиран, туку потребна е дополнителна образовна поддршка со која му се

овозможува подобро и полесно учење и побрзо напредување. Преку ИОП, родителот ќе биде запознаен со целите што треба да ги постигне неговото дете, каква ќе биде поддршката од страна на наставникот и на кој начин ќе биде пружена истата.

**ПРАШАЊА ЗА РАЗМИСЛУВАЊЕ**

1. *Наведи три општи правила за комуникација со лица со попреченост?*
2. *Кои се подготвителните активности на менторот?*
3. *Кои се активностите на менторот во текот на реализација на практичната обука?*
4. *Кои се активностите на менторот по реализација на практичната обука?*
5. *Зошто се врши прилагодување на учењето и подучувањето за учениците со попречености?*
6. *Во што се состои прилагодувањето?*
7. *Што е индивидуален образовен план?*
8. *Кои се Вашите задачи како член на инклузивниот тим за ученикот?*
9. *Размисли, дали е неопходно постигнување на сите резултати од учење со ученикот со попреченост?*
10. *Дали е потребна изработка на Посебна програма за учење преку работа за ученикот со попреченост?*
11. *Направи обид да изготвиш Индивидуална образовна програма за ученик со попреченост!*

## *Активност:*

Анализирај една наставна програма, од твојот сектор, идентификувај резултати од учење кои може да се постигнат од страна на ученик со попреченост (попреченоста одреди ја сам) во твојата компанија!

1. ____________________________________________________________
2. ____________________________________________________________
3. ____________________________________________________________
4. ____________________________________________________________
5. ____________________________________________________________

Селектирај еден резултат од учење.

Во согласност со попреченоста на ученикот, направи прилагодување на програмата, доколку е потребно!

Прилагодена програма за ученик со ________________________________________
(наведи вид на попреченост)

| **Модуларна единица** | **Резултат од учење** | **Критериуми за оценување** | **Активност** | **Место на реализација** | **Постигнал/ла** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | **Само-стојно** | **Со повремен надзор** | **Со постојан надзор** |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

КАДЕ Е НАПРАВЕНО ПРИЛАГОДУВАЊЕТО?

ЗОШТО?



ERASMUS+
Joint Mentorship
Better Cooperation for Better VET

Co-funded by the European Union